Уп. Бр. 08-134/2024

Комисијата за заштита на конкуренцијата врз основа на член 28 и член 19 став (1) точка 2) од Законот за заштита на конкуренцијата („Службен весник на Република Македонија“ бр. 145/10, 136/11, 41/2014, 53/16 и 83/18) и 208/24, а постапувајќи по известувањето за концентрација поднесено од Дијагностички центар Вила Богатин д.о.о., со седиште на Под Скало 4, 4260, Блед, Словенија, доставено преку адвокатско Друштво Кнезовиќ од Скопје, на седницата одржана на ден 18.10.2024 година, го донесе следното

**Р Е Ш Е Н И Е**

Се утврдува дека концентрацијата со која Дијагностички центар Вила Богатин д.о.о., со седиште на Под Скало 4, 4260, Блед, Словенија, има намера да стекне контрола над ПУЛМЕД, амбуланта за пључне болезни ин алергије, д.о.о., со седиште на Сеидлова цеста 46, 8000 Ново место, Словенија, по пат на стекнување на удели, иако потпаѓа под одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата нема да има за последица значително спречување, ограничување или нарушување на ефективната конкуренција на пазарот или на негов суштински дел, особено како резултат на создавање или зајакнување на доминантната позиција на учесниците и **е во согласност со одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата во смисла на член 19 став (1) точка 2) од Законот за заштита на конкуренцијата.**

Се задолжува подносителот на известувањето за концентрација да плати административна такса за известување за концентрација во износ од 6.000,оо ден. и за решението во износ од 30.000,оо ден., по тарифен број 34 од Законот за административни такси („Службен весник на Република Македонија“ бр.17/93, 20/96, 7/98, 13/01, 24/03, 19/04, 61/04, 95/05, 7/06, 70/06, 92/07, 88/08, 130/08, 6/10, 145/10, 17/11) на сметка на Буџетот на Република Северна Македонија бр. 100000000063095, уплатна сметка 840...03161, приходна шифра и програма 72231300.

Тужбата за поведување на управен спор не го одлага извршувањето на решението.

**О б р а з л о ж е н и е**

Согласно член 15 од Законот за заштита на конкуренцијата на 20.09.2024 година, до Комисијата за заштита на конкуренцијата (во понатамошниот текст: Комисија) е доставено известување за концентрација од страна Дијагностички центар Вила Богатин д.о.о., со седиште на Под Скало 4, 4260, Блед, Словенија, со која Дијагностички центар Вила Богатин д.о.о., има намера да стекне контрола над ПУЛМЕД, амбуланта за пључне болезни ин алергије, д.о.о., со седиште на Сеидлова цеста 46, 8000 Ново место, Словенија, по пат на стекнување на удели.

Комисијата започна со испитување на Известувањето со денот на неговиот прием и врз основа на податоците доставени во Известувањето за концентрација, и прилозите кон истото го утврди следното:

**Основни деловни активности на засегнатите претпријатија:**

**Дијагностички центар Вила Богатин д.о.о,** е основан во 1992 и со тоа е првиот дијагностички центар во Словенија. На почетокот, неговата главна активност била гастроентерологија; во годините што следле, неговиот обем на активности се зголемуваше. и денес има единици во Блед, Љубљана и Ново место.

Дијагностички центар Вила Богатин ги обезбедува следните медицински клиники на пациентите: гастроентерологија, урологија, кардиологија, ортопедија, Х-зраци и ултразвук, алерголoгија, тиреологија, клиника за остеопороза, дерматологија, гинекологија, консултации за исхрана

Дијагностички центар Вила Богатин нема поврзани друштва со седиште надвор од Словенија.

Директни содружници на Дијагностички центар Вила Богатин се:

- Позаваровалница Сава д.д., Дунајска Цеста 56, 1000 Љубљана и
- Заваровалница Триглав д.д., Миклошичева цеста 19, 1000 Љубљана, Словенија,

  секој со 40% учество во основната главнина на ДЦВБ и со тоа ќе се стекнат со индиректна контрола над Целното Друштво.

Позаваровалница Сава е крајно матично друштво на Сава Осигурување Групата.

Сава Осигурување Групата моментално има четири регистрирани поврзани друштва во Северна Македонија:

- Сава Осигурување АД Скопје со ЕМБС 4778529 со приоритетна дејност неживотно осигурување,
- Сава Пензиско Друштво АД Скопје со ЕМБС 5989434 со приоритетна дејност дејности на управување со фондови,
- Сава Стејшн ДООЕЛ Скопје со ЕМБС 7005350 со приоритетна дејност техничко испитување и анализа и
- ВИТА С ХОЛДИНГ ДОО Скопје со ЕМБС 7690088 со приоритетна дејност неспецијализирана трговија на големо.

Заваровалница Триглав е крајно матично друштво на Триглав Групата.

Триглав Групата моментално има четири регистрирани поврзани друштва во Северна Македонија:

- Триглав Осигурување АД Скопје со ЕМБС 4691130 со приоритетна дејност неживотно осигурување,
- Триглав Осигурување Живот АД Скопје со ЕМБС 7233825 со приоритетна дејност животно осигурување,
- Триглав пензиско друштво АД Скопје со ЕМБС 7344228 со приоритетна дејност дејности на управување со фондови и
- ТРИГЛАВ управување со недвижен имот ДООЕЛ Скопје со ЕМБС 7729014 со приоритетна дејност изнајмување и управување на сопствен недвижен имот или недвижен имот земен под закуп (лизинг).

**ПУЛМЕД, амбуланта за пључне болезни ин алергије, д.о.о.,** е давател на здравствени услуги во мрежата на јавните здравствени услуги во Словенија. ПУЛМЕД нуди сеопфатни пулмонални прегледи и третмани на белодробни заболувања и алергии.

ПУЛМЕД, амбуланта за пључне болезни ин алергије, д.о.о., нема поврзани друштва со седиште надвор од Словенија.

Комисијата утврди дека пријавената концентрација потпаѓа под одредбите на Законот заштита на конкуренцијата, бидејќи ги исполнува условите од член 12 став (1) точка 2) и од член 14 став (1) точка 1) и 2) од Законот за заштита на конкуренцијата.

Комисијата, имајќи ги предвид критериумите од член 17 став (2), став (3) и став (4) од Законот за заштита на конкуренцијата и точка 6 б) од *Насоките за уврдување на случаите во кои при оценка на концентрациите Комисијата за заштита на конуренцијата вообичаено ќе утврди дека истите се во согласност со Законот за заштита на конкуренцијата*, оцени дека пријавената концентрација, иако потпаѓа под одредбите од Законот, е во согласност со истиот бидејќи нема да има за последица значително спречување, ограничување или нарушување на ефективната конкуренција на пазарот или на негов суштински дел, особено како резултат на создавање или зајакнување на доминатната позиција на учесниците.

Имајќи ја предвид ваквата оценка на концентрацијата, Комисијата одлучи како во диспозитивот на ова Решение, согласно член 19 став (1) точка 2) од Законот заштита на конкуренцијата.

Согласно член 53 став (2) од Законот заштита на конкуренцијата, тужбата не го одлага извршувањето на решението.

**Упатство за правно средство:**

Против ова решение може да се поднесе тужба за поведување на управен спор пред Управниот суд во рок од 30 дена од денот на неговото доставување.

**КОМИСИЈА ЗА ЗАШТИТА НА КОНКУРЕНЦИЈАТА**
**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**Ана Николоска**